***ОПШТИНА КАРПОШ***
***КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број: 11-5157/62
Датум: 17.11.2020 год.
Скопје

Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање на Општина Карпош (во натамошниот текст: Комисија) во состав: Горан Павлов-Председател, Богданка Милошевиќ Мучева, Олга Цубалеска Јаневска, Зорица Спанцева-членови од Општина Карпош и Славица Живковиќ- надворешен член од Град Скопје, согласно член 15 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" број 124/15) и член 64 од Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ПОНИШТУВА ПОСТАПКАТА ЗА ОТТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ БР.02/2020 ГОДИНА** на Општина Карпош, за продажба на земјиште означено како ГП бр.19.11, предвидено со Детален урбанистички план за Градска четврт за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул. Митрополит Теодосије Гологанов и бул. 8-ми Септември) Општина Карпош - Скопје , донесен со Одлука на Совет на Општина Карпош бр.09-1484/8 од 03.03.2017 година, со намена А1 -Домување во станбени куќи, со компатибилни класи Б1, В1, Б5 и Д3-30%, со површина од 368 м$^2$.

## Образложение:

Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање на Општина Карпош во состав: Горан Павлов-Председател, Богданка Милошевиќ Мучева, Олга Цубалеска Јаневска, Зорица Спанцева-членови од Општина Карпош и Славица Живковиќ- надворешен член од Град Скопје, објави постапка за продажба на земјиште означено како ГП бр.19.11, предвидено со Детален урбанистички план за

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk;*

Градска четврт за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул. Митрополит Теодосије Гологанов и бул. 8-ми Септемвбри) Општина Карпош - Скопје , донесен со Одлука на Совет на Општина Карпош бр.09-1484/8 од 03.03.2017 година, со намена А1 -Домување во станбени куќи, со компатибилни класи Б1, В1, Б5 и Д3-30%, со површина од 368 м$^2$,со Објава број 02/2020 од 22.10.2020 година и исправка на Објава 02-2020 од 28.10.2020 година, кои се објавени во јавни гласила Слободен печат, Вечер, Коха, во Службен весник на Република Северна Македонија и на веб страната на Општина Карпош.

По спроведената долонителна проверка на ден 17.11.2020 година, констатирано е дека е направена техничка грешка во објавата по однос на бројот и датата на олуката со која е донесен деталниот урбанистички план, односно во точка 1.Детален урбанистички план за Градска четврт "З 09" (опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул. Митрополит Теодосије Гологанов и бул. 8-ми Септември) Општина Карпош - Скопје со намена А1 -Домување во станбени куќи, со компатибилни класи Б1, В1, Б5 и Д3-30%, донесен со Одлука на Совет на Општина Карпош бр.09-493/4 од 29.01.2020 година.

Согласно напред наведеното врз основа на одредбите содржани во член 64 од Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), се одлучи како во диспозитивот и се поништи постапката за оттуѓување на градежно неизградено земјиште на Општина Карпош, Објава број 02/2020 од 22.10.2020 година и исправка на Објава 02-2020 од 28.10.2020 година, кои се објавени во јавни гласила Слободен печат, Вечер, Коха, во Службен весник на Република Северна Македонија и на веб страната на Општина Карпош.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса и се поднесува во два примерока.

**Комисија за спроведување**
**на постапки за јавно наддавање**
**Претседател**
**Горан Павлов**

**Членови:**

1. Богданка Милошевиќ Мучева,член
2. Олга Цубалеска Јаневска,член
3. Зорица Спанцева,член
4. Славица Живковиќ-надворешен член

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ